Напишано од Оливер Арсовски
Вторник, 12 Ноември 2019 17:38 -

Центарот за аудиовизуелни умености, во соработка со медиумскиот партнер веб порталот „Аберџија“ и основните училишта од Крива Паланка, Кратово и Ранковце, започнува со реализација на проектот „Медиумско описменување за критичен младински став“. Проектот е дел од вториот циклус на под-грантови од проектот „Критинк“, кој го спроведуваат Фондацијата Метаморфозис и Евротинк-Центар за европски стратегии, финансиран од Европската Унија.
Промотивната прес конференција ќе се одржи во Крива Паланка во рамките на Деновите на медиумска писменост, кои се реализираат под мотото „Застани, размисли, провери!“.

